Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
INSTITUCIONI NACIONAL
ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ - СКОПЈЕ
TEATRI I FËMIJËVE DHE I TË RINJVE - SHKUP
Бр./No. 02-702/3
18. 11. 2022 год
Скопје/Shkup

Врз основа на член 21 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 16/10, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр.110/19), член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), член 77-ж од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), член 12 став (2) алинеја 7 од Статутот на Театар за деца и младинци – Скопје, согласно Записникот од Комисијата за спроведување на постапка за вработување во НУ„Театар за деца и младинци" – Скопје со бр.02-702/1 од 17.11.2022 година и Предлог – Одлука за избор на кандидати за вработување со бр.02-702/2 од 17.11.2022 година, директорот на НУ Театар за деца и младинци – Скопје ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидати за вработување по јавен оглас 1/2022**

По спроведената административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени за јавниот оглас за вработување на 1 (еден) извршител, помошно – техничко лице на неопределено време и тоа: (еден) Билетопродавач, како и по спроведеното интервју на Комисијата именувана од Министерството за култура на Република Северна Македонија за спроведување на постапка за вработување на пријавените кандидати на јавниот оглас, директорот донесе Одлука за вработување на следното лице:

- **Убавка Весова – за работно место Билетопродавач**

Одлуката стапува на сила од денот на нејзиното донесување.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 16/10, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр.110/19), одредбите од Правилникот за задолжителни елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на

регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.44/15), Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за пополнување на работно место во Националната установа „Театар за деца и младинци“ – Скопје преку вработување и на Пријавата за вработување како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас и Известувањето од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства број 20-1988/2 од 19.05.2022 година, Националната установа „Театар за деца и младинци“ – Скопје на ден 03.11.2022 година објави јавен оглас во дневните весници „Слободен печат“ и „Нова Македонија“ на македонски јазик и „Лајм“ на албански јазик за вработување на едно (1) помошно – техничко лице за следното работно место: **Билетопродавач** со шифра на работно место КУЛ 0401(Б01)002 на неопределено време. По спроведената постапка за вработување, административната селекција и проверка на веродостојноста на доказите, интервјуто спроведено од Комисијата за вработување именувана од Министерството за култура на Република Северна Македонија на ден 17.11.2022 година, Записникот од Комисијата за вработување со бр.02-702/1 од 17.11.2022 година и Предлог – Одлуката за избор на кандидат за вработување со бр.02-702/2 од 17.11.2022 година, имајќи го предвид горенаведеното, директорот одлучи како во дизпозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Секој незадоволен кандидат има право во рок од осум дена од приемот на Одлуката да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ„Театар за деца и младинци“ - Скопје

18.11.2022 година
Доставено до:
Архива
Кандидати
Огласна табла и веб страна

НУ „Театар за деца и младинци“ – Скопје
Директор
Катарина Илиевска Сиљановска